ЛЕВИЦА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ
2025

# НАРОДОТ СЕГА!

## ИЗБОРНА ПРОГРАМА ЗА ГЕВГЕЛИЈА

6

# ЛЕВИЦА

## ЗА ГЕВГЕЛИЈА

6

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

- Изградба на фотоволтаична централа во сопственост на Општина Гевгелија.
- Трансформација кон чиста, зелена енергија на сите јавни институции.
- Реновирање и доизградба на градскиот пазар од отворен во затворен тип.
- Изградба на мултинаменски спортски комплекс.
- Изградба на Јужен булевар со зелени површини и паркови / облагородување на просторот Сува Река.
- Изградба на отворена летна сцена.
- Реконструкција на планинарските домови.

# I. ДИРЕКТНА ДЕМОКРАТИЈА И ЛОКАЛНО САМОУПРАВУВАЊЕ

## 1. Демократизација на локалната самоуправа

- Заложба општината да се вложи во иницирање јавна дебата за законски измени со кои: (а) бројот на мандати на градоначалниците ќе се ограничи на максимум два; (б) ќе се ослободат инструментите на непосредната демократија во локалната самоуправа и ќе се намалат цензусите за свикување референдуми, народни иницијативи, собири на граѓани и сл.
- Почесто организирање локални референдуми, иницијативи и граѓански собири, како алатка за планирање на развојот на општината
- Формирање на месни самоуправи во тие места каде што нема, како систем за граѓанска партиципација, и враќање на месните заедници, како облик на непосредно територијално (маалско) самоорганизирање и актуелизирање на помали секојдневни проблеми од соседството.

## 2. Инклузивност на граѓаните во процесот на креирање политики

- Граѓанска партиципативност и вклучување на локалните маалски жители, преку анкети, во процесот на креирање децентрализирани јавни политики.
- Отворен ден на градоначалникот и советниците за граѓански идеи.
- Распределба на 5% од општинскиот буџет преку граѓанско изјаснување мобилна апликација СМАРТ –ОПШТИНА за предложени проекти (спортски и детски игралишта, паркинзи, зелени површини...). Се реализира еден проект годишно.

## 3. Транспарентност во работата на општината

- Задоложително одржување на седниците на советот вон работно време, со

цел да се овозможи присуство на повеќе граѓани.

- Јавно достапни материјали за работа на седниците (веб страна, ФБ профил), вклучително предлог програмите, записниците и предлог буџетите.
- Воведување на проектот „Е-општина“, без непотребни чекања на шалтер.
- Двосменско работење на шалтерите.
- Изработка на софтвер за насочување на граѓаните во соодветната општинска институција согласно нивните потреби.

### 4. Локална власт во заштита на работничките права

- Департизација на работните места во општинската администрација и враќање на критериумите на стручност, компетентност и професионални квалификации.
- Бирање на најквалитетните пријавени кандидати на конкурсите за вработување.
- Елиминација на непотизмот и партиските вработувања.
- Вработување на лица со попреченост, самохрани родители и лица во социјален ризик во локалната самоуправа.
- Почитување на работничките права на вработените во институциите под надлежност на локалната самоуправа.
- Непречено синдикално организирање во јавната администрација на локално ниво.
- Вклучување на услов за почитување на сите работнички права во тендерските огласи на општината (ограничување на работните часови во текот на денот, минимален надомест на работниците кои работат теренски за реализација на активностите од тендерските огласи итн).

## II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

### 1. Плански проактивни општини

- Формирање јавно претпријатие за извршување градежни работи како замена на тендер- системот.
- Вмрежување и координирана работа на општинските претпријатија.
- Таргетирана и стратешка изградба на јавни згради со средства на општината (социјални станови, старски дом и сл.).

### 2. Квартален отчет за приходите и расходите на општинскиот буџет

- Подобрување на транспарентноста и овозможување јавен увид во трошењето на избраните и именувани лица.
- Редовно сервисирање и намалување на долговите на општината.

# II. ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФРАСТРУКТУРА

- Транспарентен приказ на трошењето на буџетот на Општина Гевгелија.

## 3. Зголемување на општествената одговорност на компаниите

- Креирање на култура на општествена одговорност наменета за социјални и општокорисни намени.

## 4.Поддршка на развојот на занаетчиите и малите семејни бизниси

- Планирање буџетски средства за поддршка на занаетчиски семејни бизнизи.
- Формирање фонд за подршка на мали бизниси со иновативни идеи и технологии
- Креирање стратешки развојни програми за ЛЕР (Локален економски развој) и ЛЕАП (Локален економски акционен план) чија цел ќе биде максимално искористување на потенцијалот на општината за туризам и земјоделие со цел создавање на минимум самоодржлива локална економија.

## 5. Помош на локалното земјоделство и сточарство

- Бесплатни консултации на земјоделците со агрономи, ветеринари и други стручни лица.
- Анализа на обемот на производството на земјоделски и сточарски производи, како и шумски плодови со цел реорганизација според потребите на откупните центри, преработувачките капацитети и локалниот пазар, за достигнување на одржливи цени на чинење на производот.
- Поддршка на здруженија на земјоделци од сите населени места и формирање на општински сојуз на земјоделски здруженија (задруга).
- Стратегија за промоција на локално земјоделско производство.
- Изградба на кванташки пазар во Гевгелија.

## 6. Обезбедување на потребната логистика во индустриските зони

- Патна инфраструктура;
- Комунална логистика;
- Транспортна поддршка;
- Безбедност и поддршка;
- Адрминистративна логистика.



# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 1. Системска борба против нелегална градба

- Мораториум за изградба на нови згради во централното градско подрачје.
- Запирање на манипулациите со градежното неизградено и изградено земјиште.
- Ревизија на сите спорни ДУП-ови.
- Планирање и хуманизација на просторот.
- Носење на нови ДУП-ови во интерес на граѓаните и во консултација со нив.

## 2. Планско градење

- Рамономерен инфраструктурен развој.
- Изградба на модерни и еколошки одрживи станбени комплекси како услов за градба.
- Задолжително хортикултурно уредување околу зградите.
- Субвенционирање од 70% од трошоците за реконструкција на кровна површина и поставување на термоизолациони фасади на станбените објекти.
- Носење на нов Генерален урбанистички план и урбанистички планови за населените места .

## 3. Пешачки зони

- Поставување тротоари каде што недостасуваат и реконструирање на постоечките.

## 4. Урбан велосипедизам

- Стартување на проектот „Гевгелија – бајк-френдли“ град.
- Финансиска поддршка на постоечките велосипедски здруженија.
- Изградба и обележување на интегрирана мрежа на велосипедски патеки.
- Изградба на планински велосипедски патеки (off road –патеки).
- Изградба на паркинзи за велосипеди пред јавните институции.
- Поттикнување на велосипедскиот сообраќај на општинско ниво („рент•а•бајк“ систем на попатни станици за изнајмување исправни велосипеди ел-тротинети, поставување сервисни пунктови).

## 5. Улици и патишта

- Реконструкција на локалните патишта до секое село, населба и маало во општина Гевгелија.
- Изработка на предлог - сообраќајно решение со цел изработка на сообраќаен проект за решавање на собраќајниот хаос во градот и населените места.
- Редовна санација на улиците и патиштата.
- Систематско одржување на хоризонталната и вертикалната сообраќајната сигнализација.
- Поставување на семафори со соларни панели со цел заштеда на електрична енергија.
- Поставување унифицирани табли со имиња на улици на сите главни и споредни крстосници.
- Креирање мапа на урбана сигнализација.
- Изготвување проект „Вози одговорно и безбедно“ преку јавни презентации.

# III. УРБАНИЗАМ И СООБРАЌАЈ

## 6. Јавен превоз

- Воведување на автобуски линии кон сите села.
- Субвенционирани билети за превоз за различни категории граѓани кои живеат во социјален ризик.
- Поставување на модерни автобуски постојки во и вон градската средина и реновирање на веќе постоечките.
- Бесплатен превоз за сите ученици од основните училишта.
- Формирање на јавно сообраќајно претпријатие, зголемување на фрекфенцијата на автобуските линии и усогласување на возниот ред со динамиката и потребите на локалното население.

## 7. Градски паркинг

- Укинување на платеното зонско паркирање.
- Изградба и адаптација на современи паркинг плацеви со заштитни фотоволтаични тенди.
- Изградба на катна гаража на местото на стариот пазар.
- Изградба на монтажни паркинзи со челични конструкции на најфреквентните места во градот.

# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

## 1. Водовод

- Ревизија на водоводната мрежа на територијата на Општина Гевгелија.
- Замена на старата водоводна азбестна мрежа со ХДПЕ цевки.
- Локацирање на загубите на вода.
- Утврдување на притисок и проток на вода.
- Техничка исправност на шахти и вентили.
- Реконструкција на водоводната мрежа на територијата на Општина Гевгелија.

## 2. Канализација

- Надзор над прочистувањето на отпадните води кои се влеваат во Вардар.
- Редовно чистење на одводните канали и речните корита.
- Изградба на сеопфатна атмосферска канализација.
- Покривање на сите населени места со канализациска мрежа.

## 3. Погребални услуги

- Основање на општинско погребално претпријатие.

## 4. Јавна чистота

- Изградба на јавни тоалети на фреквентни локации.
- Хортикултурно уредување на секоја зелена јавна површина во градското подрачје и населените места.
- Селекција и транспортирање на комуналниот отпад во соодветни возила со цел постепена автоматизација на процесот.
- Одржување на јавна хигиена преку секојдневно чистење и миење на улиците.

# IV. КОМУНАЛНА ГРИЖА И ЈАВНИ УСЛУГИ

- Уредување на депонија за градежен шут.
- Поставување на канти за селекција на отпад.
- Поставување на подземни контејнери особено во градското подрачје и измена на периодот на превземање на отпад од страна на комуналната служба.

# V. ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

## 1. Стоп на загадувањето на природата

- Спроведување конкретни проекти што ќе го намалат и/или елиминираат загадувањето на животната средина (еколошки кампањи за подигање на јавната свест, општински програми за компостирање и рециклирање, погони за селекција и рециклирање на отпад, примена на „зелени технологии“ итн.).
- Бесплатни корпи за селекција и рециклирање на цврст отпад во секое домаќинство.

## 2. Еко-активизам

- Редовни организирани акции за чистење на излетничките места.
- Чистење на дивите депонии.
- Планско пошумување на околни ридови.
- Поддршка за младинските здруженија и организации кои промовираат еко -активизам, извиднички и планинарски одреди и сл.

## 3. Паркови и зеленило

- Изградба на нов градски парк.
- Рамномерно облагородување на запуштените јавни зелени површини во секој дел на градот.
- Редовно наводнување на урбаното зеленило.
- Зголемување на зелените површини во градот и населените места и зголемување на бројот на дрвја низ уличните површини.

## 4. Зелени политики на локално ниво

- Креирање на стратегија за справување со климатските промени на територијата на Општина Гевгелија.
- Изнаоѓање на решение меѓу општината и сопствениците на сточарски фарми за решавање на состојбата со амбиенталниот воздух.
- Изработка на експертска студија за главните причинители на загадувањето на водите, почвата и воздухот и стратегија за нивно менаџирање.
- Формирање општинско одделение „зелен катастар“.
- Трајна забрана за отварање на фабрики и рудници кои негативно влијаат врз животната средина.
- Еко•картичка за селекција на отпад (поени за попусти и влезници).
- Преуредување на одредени локации во мали зелени, уметнички или ре-

креативни простори (клупи, графити, улични библиотеки).

- Еколошка патека на јужни плодови и производи.

### 5. Енергетска ефикасност

- Термоизолациони фасади и ПВЦ прозорци на сите јавни објекти.
- Инсталација на соларни панели на сите јавни објекти.

### 6. SMART Општина

- Е-анкети за вклучување на граѓаните во креирање приоритети.
- Нова мобилна апликација за следење на активности на општинските институции SMART Општина (инфраструктура, јавни настани, пријавени проблеми – сè на едно место)
- СМАРТ – табли за навигација.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

### 1. Образование

- Тековно одржување на училишта во Гевгелија и околните села (кровови, училници, ходници, врати, прозори, санитарни јазли во училишните згради и сл.).
- Бесплатна здрава исхрана за сите ученици во основните училишта.
- Стопирање на сите сомнителни проекти за работа со деца изведувани од страна на здруженија на граѓани во училиштата.
- Стипендирање на најдобрите ученици и студенти.
- Општински конкурси за екологија и културно наследство.
- Создавање студио за продукција на поткасти.
- Дигитална писменост (младите ги учат возрасните).

### 2. Култура

- Отворање на АКСЦ – Автономни културно-социјални центри, преку пренамена на напуштените објекти во општинска сопственост, со можност за конференциски простор, пензионерски клубови, спортски клубови, сувенирници.
- Санација и илуминација на споменикот „Слобода“, на Мрзенски Рид.
- Отстапување на јавни површини за оплеменување со графити и уметнички цртежи.
- Организирање културни настани.
- Негување на фолклорот и старите занаети.
- Поддршка на традиционалните културни манифестации.
- Обнова на културно-историските споменици.
- Ревитализација на Домот на културата со редовна програма.

# VI. ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ (ОБРАЗОВАНИЕ, КУЛТУРА, ТУРИЗАМ И СПОРТ)

- Нови секции во Домот на културата и Пионерскиот дом.
- Обновување на традиционални манифестации („Смоквијада").
- Општински рецитаторски натпревари.
- Редовни филмски вечери (соработка со Кинотека на Македонија).
- Поддршка на сегашните и нови уметнички групи и секции.
- Ден на свиларството, летна вечер на занаети, ден на Корзото.
- Отворање сувенирница.

## 3. Туризам

- Изработување на Стратегија за туризам на Општина Гевгелија
- Развој на стази за спортски и планински велосипедизам на Кожуф.
- Интензивен развој и субвенционирање на алтернативниот туризам (планински, рурален/селски).
- Носење урбанистички планови на планинските населени и излетнички места вклучувајќи го и просторот околу Конска Брана.
- Отворање на Туристичко биро задолжено за стратешко планирање на развојни политики.
- Промоција на општината по саеми за туризам.
- Создавање понуда која би ги задржала транзитните туристите кои одат и се враќаат од Грција.
- Туристички мапи и патеки за природните и културни знаменитости.
- Креирање бренд „Гевгелија – топла, вкусна, жива" (настани, фестивали, храна, вино).
- Маркетинг кампања „Гевгелија место кое вреди да се посети".
- Реновирање и ставање во функција на „Собранискиот дом„ во Смрдлива вода.

## 4. Спорт и рекреација

- Развој на клубови преку директна финансиска поддршка од општината.
- Изградба на Градски базен.
- Поддршка на локалниот спорт, спортските сојузи и клубови преку изградба и одржување на постоечката спортска инфраструктура.
- Изградба на нови малски игралишта и одржување на постоечките.
- Организирање на турнири во различни спортови со наградни фондови од општинскиот буџет.

## 5. Детски игралишта

- Изградба на забавен парк на 20.000 м2 со песочник, водена зона, тротинет патеки, електрични автомобили и патеки со семафори.
- Изградба на мини детски игралишта со различни реквизити за забава за најмладите во Гевгелија и во сите населени места.



# VII. МЕЃУГЕНЕРАЦИСКА СОЛИДАРНОСТ

## 1. Детска заштита

- Помош за децата без родители, децата без родителска грижа, децата од дисфункционални семејства, децата со воспитно•социјални проблеми.
- Бесплатни градинки за секое дете.
- Отворање нови градинки и зголемување на капацитетот на постојните.
- Вработување на поголем број високообразовен стручен кадар во градинките (дефектолози, психолози) и спроведување на колективниот договор за вработување во детските градинки.
- Бесплатни екскурзии за деца од семејства во социјален ризик.

## 2. Младински политики

- Воспоставување локална мрежа на младинските организации.
- Поддршка на проекти од неформални младински иницијативи за урбано културно живеење.
- Бесплатни курсеви за странски јазици и ИТ вештини.
- Микро грантови и конкурси за стартапи на млади.
- Превентивни програми за злоупотреба на дроги, насилство и дигитална безбедност.

## 3. Заштита на стари и изнемоштени лица

- Финансиска поддршка на пензионерските клубови.
- Нега во домашни услови за старите и изнемоштени лица со волонтерски акции од хуманитарни организации.
- Ваучер од 6.000 ден. за пензионери приматели на социјални пензии.
- Градска менза за пензионери со субвенционирани цени.
- Изградба на старечки дом;

# VIII. СОЦИЈАЛНА ГРИЖА И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

## 1. Помош за социјално ранливите категории граѓани

- Еднократно отпишување на долговите за неплатена вода кај ЈКП „Комуналец“ и повлекување на сите тужби за неплатени сметки против најсиромашните слоеви од населението.
- Воведување програма за заштита од „енергетска сиромаштија“.
- Воведување интервентен јавен фонд за социјално загрозени семејства.
- Обуки за преквалификација и доквалификација на невработените лица.
- Поддршка на самохрани родители.
- Институционална помош на жртви на семејно насилство со отворање на прифатни згрижувачки центри.
- Згрижување и домување на лицата со социјален ризик и на бездомниците.

## 2. Општествена грижа за лицата со попреченост

- Финансиска поддршка на дневниот центар за лица со попреченост.
- Активирање на советот за социјални грижи при општината.
- Обезбедување на викенд и попладневна служба за згрижување на лица со попреченост во соработка со Меѓуопштинскиот дневен центар, Проектен – донациски центар Мајка Тереза и здруженијата на граѓани.
- Трајно решение за проектот на НАЛПП, за објектот за активности, кој е доделен од страна на општината.
- Програми за вработување и самовработување на лицата со попреченост.
- Изградба на згрижувачки дом за возрасни лица со посебни потреби.

## 3. Пристап до јавните објекти за инвалидните лица

- Градежно прилагодување на влезовите на јавните згради за непречен пристап на инвалидни лица.
- Целосна пристапност на сите главни улици за луѓе со инвалидски колички (симнување од тротоар на улица, скали, пешачки премини), како и слободен пристап во секоја јавна установа, банки, здраствени домови, училишта, спортски сали, библиотеки, паркови.

## 4. Јавно здравје

- Организирање редовни здравствени кампањи (мерење крвен притисок, шеќер во крв, холетсерол, вакцинација, итн).
- Организирање денови за превенција на хронични и заразни болести.
- Акции за промоција на здрави навики.
- Подршка на здравственото образование преку семинари за здрава исхрана, хигиена и психосоцијално здравје.
- Мобилни тимови за здравствена помош во руралните места.
- Финансиски фонд за лекување на ретки болести.

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

## 1. Меѓуопштинска соработка и партнерски однос со невладините организации

- Соработка со ЗЕЛС и со соседните општини.
- Соработка со граѓански здруженија.
- Соработка со меѓународни организации.

## 2. Преземање сет мерки за заштита и спасување на граѓаните

- Осовременување на возниот парк на територијалната противпожарна служба.
- Поставување хидранти до капиталните градски објекти со цел нивна ефикасна заштита.

# IX. ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА И ЈАВНА БЕЗБЕДНОСТ

- Организирање превентивни обуки за заштита и спасување на луѓето и имотот.
- Изведување координирани показни вежби за хипотетички природни непогоди и други несреќи од поголеми размери итн.

### 3. Институционален третман на бездомните животни

- Контрола на популацијата преку редовна стерилизација/кастрација на бездомни кучиња и мачки.
- Чипирање и регистрирање на сите домашни и бездомни животни.
- Здравствена заштита преку редовни ветеринарни прегледи и здравствени интервенции и бесплатна вакцинација против беснило и заразни болести.
- Изградба на стационар и помош на локални прифатилишта со храна како и поддршка на програми за усвојување на животни.
- Кампањи за одговорно сопственишство и хуман третман на животните.
- Поддршка на волонтерство и соработка со НВО.
- Формирање на локален совет за благосостојба на животните.
- Годишни извештаи за стерилизирани, вакцинирани и усвоени животни.

# X. КОНТРОЛА И НАДЗОР НАД ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

### 1. Стоп на корупцијата

- Нулта толеранција кон изигрувањето на законите и злоупотребата на моќта и надлежностите на општинските функционери, особено при: располагањето со општинските пари, склучувањето на договори за јавни набавки, промената на генералните и деталните урбанистички планови.

### 2. Персонално екипирање на општинските инспекции

- Комплетно доекипирање на инспекциските служби со цел зголемување на нивната ефикасност.
- Перманентни обуки за надградување на вештините и знаењата на локалните инспектори во сите сектори.



# ЛЕВИЦА

## ЗА ГЕВГЕЛИЈА

# 6

# ЛЕВИЦА

## ЗА ГЕВГЕЛИЈА

# 6

levica.mk
@levica_mk
@levica_partija
PartijaLevica
@levica.mk
@levica_partija